Melbourne Water

# Важнифакти

## Заштита на нашите потоци и реки

Кога врне отпадоците оставени по улиците, тревниците или олуците одат во дождовата канализација. Оваа канализација ги носи отпадоците до потоците и реките пред да се појават на нашите брегови и заливи.

## Чисти потоци и реки – како Melbourne Water допринесува

Загадената дождова канализација ги загадува водите. Melbourne Water работи на намалување на последиците од загадувањата за што троши повеќе од $23 милиони во годината за заштита и подоброување на водите.



Проектите се следните:

- Следење на квалитетот на водата и проучување на популацијата на платипусот во водите во населените места.
- Стабилизација и рехабилитација на еродираните води.
- Садење соодветни растенија на бреговите од реките.
- Соработување со фармерите и граѓаните за подобрување на бреговите.
- Соработка со локалните општини на развивање планови во случај на поплава и изградба на задржувачи на отпадоци во локалните одводи.
- Соработка со организациите за урбанизација на земјиштата за подобрување на квалитетот на водата од дождовата канализација во новите населби.
- Востановување и одржување на тн. wetlands за филтрирање на дождовата канализација.
- Истражување на загадувањето и влијаните на екологијата.

## Чисти потоци и реки – што сите ние можеме да сториме

Ако сите се трудиме да не исфрламе отпадоци ќе дадеме свој допринос.

Поединците, стопанството, локалните општини и други организации во стопанството имаат значајна улога во спречување на загадувањето со отпадоци пред истите да навлезат во канализацијата, потоците и реките, каде што е многу тешко да се отстранат.



© Melbourne Water October 2004

# Важнифакти

Поединците, индустриајта, локалната власт и другите организации на заедницата ќе имаат важна улога во спречувањето на загадувањето пред тоа да се случи во реките од каде што е многу потешко да се отстрани.

## Спречето го загадувањето

Кантите за отпадоци: Обезбедете да отпадоците не испаѓаат надвор од кантите за ѓубре или садовите за преработка.

Трева и лисја: Чувајте ги улиците и канализацијата чисти од трева и лисја со користење на истите во компост. Истите може да ја запушат канализацијата и да предизвикаат локални поплави. Органскиот материјал што скапува може да ги загади водите со вишок на хранливи материи.

После бојадисување: Четките користени за бои кои се базираат на вода чистете ги на отпадни материјали и измијте ги во градината. За маслени бои користете соодветен разредувач за чистење на четките. Преостанатите бои и разредувачи отстранете ги преку локалната Household Chemical Collection програма.

Миење на колите: Мијте ја колата на трева така што сапуницата нема да оди во канализацијата и понатаму во локалните потоци. Состојките од детергентите може да ги загадат нашите води.

Масло од колите: Еден литар масло може да загади еден милион литри вода. Не испуштајте го маслото во канализацијата и одржувајте го возилото за да не капе масло или бензин по улиците.

Вештачки ѓубрива и пестициди: Избегнувајте да користите вештачки ѓубрива и пестициди на делови каде што истите може да завршат в канализација, особено ако се очекуваат обилни врнежи.

Градежни работи: Водете сметка купиштата земја и песок да не ја покриваат уличната канализација. Обезбедете ги истите од ветер и дожд со пластична покривка. Ископувањата вршете ги кога времето е суво.

Измет од кучиња: Изметот од кучиња кој ќе заврши во канализацијата и реките може да влијае на квалитетот на водата. Собирајте го изметот во кеса или фрлете го во градината.

## Повеќе информации

Ако сакате повеќе информации за било кој аспект од улогата на Melbourne Water во раководењето со водите јавете се на 131 722 или на melbournewater.com.au



© Melbourne Water October 2004